Врз основа на членовите 52, став 1, алинеја 22 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08; бр. 103/08; бр. 26/09; бр. 83/09 и бр. 99/09; бр. 115/2010, бр. 17/2011, бр. 51/2011), Универзитетскиот сенат, на 38. седница одржана на 30.11.2011 година, го даде следново

**АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ**
на членовите 14 и 15 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Одредбите од членовите 14 и 15 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје кои ги регулираат условите за запишување на трет циклус-докторски студии се применуваат и се толкуваат така што во овие одредби студиските програми што треба кандидатите да ги имаат завршено за да можат да се запишат на трет циклус студии-докторски студии се дадени алтернативно, а додека барањата за остварен просечен успех и познавање на странски јазик се кумулативни заедно со една од студиските програми наведени во членовите 14 и 15.

**Универзитетски сенат**
**Р е к т о р**
**Проф. д-р Велимир Стојковски**